РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
БИЗНИС АКАДЕМИЈА СМИЛЕВСКИ-БАС
Бр. 0205-161/03
22.06. 2022 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 173, 175 и 176 од Законот за високо образование (Службен весник на Р.С.М бр. 82/18), врз основа на член 151 од Статутот на Бизнис Академија Смилевски – БАС, (Ноември 2018 година) и врз основа на член 8 од Правилникот за критериумите, условите, правилата и постапката за избор во наставни, наставно - стручни звања и демонстратори на БАС, на 211-та седница на Наставнички совет на БАС, одржана на 22.06.2022 година, Наставничкиот совет ја донесе следнава

# ОДЛУКА

за избор на наставник во насловно звање

**Член 1**

Се усвојува Рефератот на Рецензионата комисија, д-р Дијана Ивановска Пржо, од Битола да се избере во наставно звање професор на висока стручна школа за наставната област Економија и маркетинг.

**Член 2**

Изборот во звање е доживотно.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила по завршување на предходниот избор, односно од 11.09.2022 година.

*Образложение*

Бизнис академија Смилевски – БАС, Скопје распиша Конкурс за избор на наставник во наставно звање во постојан работен однос за настравната област Економија и маркетинг, кој го објави во дневниот весник „ Нова Македонија“ на ден 07.03.2022 година

На Конкурсот се пријави кандидатот д-р Дијана Ивановска Пржо.

Наставничкиот совет на БАС на својата редовна 208 седница на Наставнички совет на БАС одржана на 31.03.2022 година формираше рецензиона комисија за изготвување на

реферат и оценка за избор на наставник во наставно звање со постојан работен однос за наставната област Економија и маркетинг, со одлука бр. 0205-128/3 од 31.03.2022 година, во состав:, проф. д-р Коста Сотироски, проф. д-р Ленче Петреска и проф. д-р Маја Кузмановска.

Рецензионата комисија изготви Реферат за избор на наставник во наставно звање во постојан работен однос за наставната област Економија и маркетинг, кој беше објавен на интернет страната на БАС на ден 31.05.2022 година, под дел. бр. 0401-156/1 од 31.05.2022 година.

Во својот заклучок и предлог, Рецензионата комисија му предложи на Наставничкиот совет на БАС, д-р Дијана Ивановска Пржо да ја избере во наставно звање професор на висока стручна школа за наставната област Економија и маркетинг.

Врз основа на тоа, Наставничкиот совет на редовната 211-та седница одржана на 22.06.2022 година едногласно ја донесе оваа одлука.

**Директор на БАС**

**Проф. д-р Маја Кузмановска**